ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СУ-01.бр.8/24
16.02.2024 година
К р а т о в о

До
СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ
С к о п ј е

Предмет: Извештај за реализација на програмата за работа

Согласно чл.79 ст.2 од Законот за судовите, Претседателот на Основен суд Кратово Ви го доставува Извештајот за реализација на програмата за работа на претседателот за 2023 година која всушност е Програма за работа со акциски план за спроведување на програмата доставена со апликацијата при изборот за Претседател на Основен суд Кратово.

Програмата за работа на Претседателот на Основен суд Кратово во 2023 година во делот на:

1. **Цели, приоритети и активности** е во целост спроведена и тоа со успешно менаџирање и организациона поставеност и искористување на комплетните човекови и технички ресурси во судот иако имајќи во предвид дека Основниот суд Кратово има огромен недостаток на судски службеници поради упразнување на работните места со остварување на право на пензија, меѓутоа со успешно менаџирање со постојниот судски персонал и со обезбедување на вработување на 7 судски службеници на определено време во текот на 2023 година успешно е реализирана програмата и не е дозволено застој во ниту една област и сегмент од работењето на судот.

Во однос на годишниот распоред за работа на судиите во целост е спроведена програмата за работа за 2023 година и распоредот за работа е изготвен на начин што ги покрива сите области на надлежност на Основен суд Кратово и двајцата судии се распоредени да постапуваат по предмети и од граѓанската и од кривичната област од причина што во судот од 16.07.2022 година постапува само еден судија и претседателот на судот кој постапува и како судија и е невозможно специјализирање на судиите во одделни области.

Во текот на 2023 година поради малиот број на судии редовно беа одржувани седници на судии и беа разгледувани правни прашања во извршување на судската пракса со разгледување на предмети вратени од редовен и вонреден правен лек.

Во однос на стручниот кадар од категоријата стручни судски службеници во Основен суд Кратово има вработено само еден судски службеник со звање судски советник кој е распореден да постапува во голем број на комисии, назначен е за лице за слободен пристап до информации од јавен карактер, лице за јавни набавки, офицер за заштита на лични податоци, лице за интегритет и му помага на Претседателот на судот во сите други работи кои се во негова надлежност, а истиот редовно присуствуваше на соодветните обуки организирани од Академијата за судии и јавни обвинители.

Исто така и помошно стручните судски службеници во зависност од звањето и работното место посетуваа обуки во Академијата за судии и јавни обвинители, а исто така во 2023 година е извршено и редовно оценување на судските службеници согласно Законот за судска служба.

Во однос на сите евиденции и уписници кои се водат во Основен суд Кратово јас како Претседател вршев редовна контрола и преглед на работењето со цел на вработените да им биде укажано навремено и експедитивно постапување и извршување на службените обврски.

Во однос на интерперсоналните односи во судот и во работната заедница меѓусебната соработка се одржува на највисоко ниво.

2. **Финансии и буџет**

Како што е наведено и во програмата дека ќе направам напори за максимално рационално искористување на сите расположливи средства при што правилно би биле ценети приоритетната важност на целите за кои истите би биле искористени па така во програмата за работа во 2023 година од предвидени поголем број на активности односно по одобрени финансиски средства за капитални расходи од Судски буџетски совет беа реализирани и тоа:

- По спроведена постапка за јавна набавка согласно Законот за јавните набавки, се изврши замена на старите дрвени прозори со нови пвц прозори и зебра завеси согласно склучен договор со носителот на набавката на 10.05.2023 година на износ од 1.118.109,00 денари со вклучен ДДВ и кој е реализиран во целост со краен платен износ од 1.041.966,43 денари за оваа набавка.

- По спроведена постапка за јавна набавка на работи за реновирање на фасадата и влезната партија на судот согласно Законот за јавните набавки, се склучи договор со најповолниот понудувач - носителот на набавката на 29.11.2023 година на износ од 2.328.612,00 денари со вклучен ДДВ. Започната е реализација на истиот но поради лоши временски услови и краткиот рок за изведба на работите договорот не е реализиран во целост во 2023 година и истиот согласно склучениот анекс договор ќе се реализира во целост во 2024 година.

- По спроведена постапка за јавна набавка на климатизери се склучи договор со носителот на набавката на 12.04.2023 година на износ од 165.200,00 денари со вклучен ДДВ и истиот е реализиран во целост, односно се набавија 4 нови климатизери со кои се заменија дел од старите и нефункционални климатизери во судот.

- По спроведена постапка за јавна набавка на метални архивски ормари се склучи договор со носителот на набавката на ден 20.12.2023 година на износ од 67.850,00 денари со вклучен ДДВ и истиот е реализиран во целост, односно се набавија 5 нови метални архивски ормари за архивирање на судските предмети.

- Се изврши замена на старата телефонска централа во судот со нова посовремена како и дел од телефонските апарати кои беа нефункционални за што се платени средства во износ од 70.769,00 денари со вклучен ДДВ.

Останатите планирани јавни набавки со Годишниот план за јавни набавки во 2023 година и тоа за набавка на ИТ опрема (компјутери, скенери и принтери) со проценета вредност од 425.000,00 денари делумно не беше реализирана бидејќи во текот на оваа година се спроведе групна јавна набавка на информатичка опрема - спроведена од страна на Основен граѓански суд Скопје, за сите судови, при што за Основен суд Кратово ќе бидат набавени 5 персонални компјутери во износ од 249.000,717 денари со кои ќе се заменат сите преостанати стари компјутери кои

работат со Windows XP, бидејќи со добивањето на новиот сервер за АКМИС потенцирано е дека ќе се користат исклучиво компјутери кои ќе работат со Windows 10 оперативен систем, а компјутерите со Windows XP да се отстранат од употреба.

Исто така предвидените замена на внатрешните врати на судската зграда со проценета вредност од 416,000,00 денари, набавка и инсталација на фотоволтаични панели со проценета вредност од 870,000,00 денари, набавка на канцелариски мебел со проценета вредност од 150,000,00 денари и набавка на службено патничко моторно возило со проценета вредност од 900,000,00 денари не беа реазлизирани од причина што од страна на Судски буџетски совет не беа обезбедени средства за реализација на овие јавни набавки, па со тоа може да се смета дека не се реализирани не по моја вина како Претестдател, а при тоа да се има во предвид дека на ниво на судска власт реализацијата на капиталните инвестиции е од 73 % што значи скоро 30% нема резлиазација па од тие средства би можело да се наменат за реализација на овие предвидени и планирани капитални инвестиции за Основен суд Кратово.

Во рамките на можностите, со економично и домаќинско користење и управување со финансиите, а на начин што заштедите на определени ставки на буџетот кои успеавме да ги реализираме со пренамена на други ставки, па така во 2023 година успешно се реализираа набавки под вредносните прагови предвидени во Законот за јавни набавки и тоа дел од старата и дотраена униформа на судската полиција се замени со нова, како и се набавија нови обувки на судските полицајци и на судските доставувачи.

Се изврши набавка и на нови пет принтери и еден комбиниран принтер со скенер, а со цел обновување на застарената ИТ опрема во судот во износ од 61.500,00 денари.

Се изврши и замена на старите и дотраени канцелариски столици при што се набавија 10 нови столици во износ од 67.000,00 денари.

## 3. Постапување со предмети

Во текот на 2023 година и покрај објективните пречки во поглед на недостатокот на судии како и вработени судски службеници, а од друга страна зголемен прилив на предмети особено во прекршочното одделение, сепак Основен суд Кратово со успех се справи со овие проблеми и влезе во групата на ажурни судови. Поради тоа што во судот има само двајца судии, поради честата потреба за оформување на кривичен совет е барано делегирање на судии од друг суд од подрачјето на Апелациониот суд Скопје, при што се делегирани двајца судии од Основен суд Куманово за постапување во кривичен совет во текот на оваа година и со истите имавме успешна соработка.

Во однос на ажурното објавување на судските одлуки и другите известувања на веб страницата на судот истото тековно и без никакви проблеми се одвиваше во текот на 2023 година и се објавени вкупно 164 анонимизирани правосилни судски одлуки.

По сите барања за слободен пристап до информации од јавен карактер беше навремено постапено и соодветно одговорено при што немаше поднесено ниту една жалба од барателите на информации.

Во однос на автоматската распределба на предметите во текот на 2023 година целосно е испочитуван Судскиот деловник и се изготвени сите потребни документи за правилно функционирање на АКМИС системот.

Во однос на старите нерешени предмети во Основен суд Кратово од вкупно 59 стари предмети, во текот на 2023 година решени се 28 предмети, од кои: 2 предмети од кривични полнолетни, 3 прекршочни предмети, 1 предмет од парнични мала вредност, 5 предмети за работни спорови, 1 предмет од вонпарнични предмети, 2

предмети од имотни спорови, 1 предмет од облигациони спорови и 15 оставински предмети кај нотар.

На крајот од годината останаа нерешени 1-кривичен предмет за кривични полнолетни, 1 предмет парнични мала вредност, 1 -предмет за имотни спорови и 28 оставински предмети кај нотар.

Оттука може да заклучиме дека судиите активно постапуваа по старите предмети и на тој начин се останати само 3 нерешени стари предмети на крајот од годината.

Во однос на пречекорување на роковите од страна на судиите за секој пречекорен рок е прибавена соодветна изјава и е доставена со придружниот месечен и квартален извештај.

## 4. Примена на Судски деловник

Во однос на примената на Судскиот деловник во текот на 2023 година се преземени дополнителни активности и мерки од моја страна како Претседател на Основен суд Кратово за доследна и целосна примена на Судскиот деловник, а за правилно функционирање на целиот суд па така редовно се вршеше контрола за воведените нови евиденции на одземени предмети - корпора деликти и Евиденција на одземени пари, хартии од вредност и други скапоцености, а која евиденција започна да се води претходната година во Основен суд Кратово, како и Книга на повикани лица за издржување на казната затвор, Книга за условни осуди, Евиденција на издадени потврди на работници кои отсуствувале од работа по покана на судот, а кои исто така претходно воопшто не се водени во судот.

Во однос на оставинските предмети од месец Март 2021 година од кога започна со работа единствениот Нотар на подрачјето на Основен суд Кратово - Маја Колева предметите и се доверуваат како на судски повереник за постапување по истите. Вршена е редовна контрола во текот на оваа година и тоа два пати во годината согласно Судскиот деловник при што е укажано на нотарот за поажурно постапување и решавање на старите оставински предмети постари од 3 години.

Воведените контролници за евиденција на правосилните и извршни кривични и прекршочни предмети, а заради поголема евиденција на овие предмети при нивното извршување согласно Судскиот деловник и понатаму на месечно ниво се контролирани и потпишувани од моја страна како Претседател на Основен суд Кратово.

Во однос на архивата истата претставува проблем во Основен суд Кратово од причина што претходно во долг период се нема излачувано документарниот материјал со рокови на чување од архивскиот материјал и уништувано врз основа на согласност од државниот архив па така во многу долг период архивата само се зголемувала, а од друга страна проблем е недостаток на вработени судски службеници кои би постапувале во архивата односно нема вработено архивар во судот на кого би му била работна задача и обврска архивското работење па така со овој проблем ќе се соочуваме во следниот период и истиот ќе мора на адекватен начин да биде третиран и решен во рамките на Законот за архивска граѓа.

## 5. Дополнителни активности

Иако во програмата за работа не беа опфатени сепак со дополнителни напори за прв пат беа реализирани и некои дополнителни активности и тоа:

- Изготвен е електротехнички проект за громобранска заштита на зградата на Основен суд Кратово,

- Изготвен е елаборрат за реновирање на внатрешниот дел на зградата – тековно и инвестиционо одржување на санитарии, скалишен простор и ходници,

- Извршено е осигурување на судската зграда од пожар, поплава, порој и високи води,

- Извршена е редовна контрола на апаратите за противпожарна заштита,

- Извршен е редовен здравствен преглед на сите вработени,

- Набавена е нова дополнителна опрема и облека за хигиеничарот,

- Извршени се работи за замена на електричната инсталација која што води до просторијата каде што е сместен серверот поради претходната набавка и инсталација на нов сервер и потребата од дополнителна – појака електрична инсталација за нормално функционирање на серверот за АКМИС - системот.

- Набавен и заменет беша друг ситен инвентар во рамките на многу малите расположливи буџетски средства.

Согласно Извештајот за имплементација на Систем на интегритет за 2023 година изготвен од Државната комисија за спречување на корупцијата, Основен суд Кратово е рангиран на третото место според исполнувањето на обврските за примена на системот за интегритет, што сметам дека е за пофалба имајќи во предвид дека во оваа анализата од страна на ДКСК се опфатени сите судови во државата како и Судскиот совет.

Јавноста и транспарентноста во работењето продолжи и во текот на оваа година при што редовно се изготвуваа месечни извештаи за работа, како за судот, така и поединечно за секој судија, кои извештаи по изготвувањето и усвојувањето од седницата на судиите се доставуваа до надлежните органи и објавуваа на интернет страната на судот, од каде што јавноста имаше слободен пристап и увид во работењето на судот и судиите.

Преку веб страната на судот редовно се објавуваа и распоредите за закажаните рочишта и расправи за сите судии во календарот на судења и на тој начин се овозможува и редовна информираност на заинтересираните странки за предметите, а исто така и секој четврток од 8-12 часот е резервиран како термин за прием на граѓаните кои што имаат потреба како странки во постапката да се информираат и остварат контакт со Претседателот на судот по однос на проблеми на кои наидуваат во остварувањето на своите права во судот.

Како Претседател на судот и оваа година го одбележав европскиот ден на правдата 25 октомври кој беше отворен ден за сите граѓани на општина Кратово при што организирав и соодветен прием на ученици од основното и средното училиште како и на претставници од пензионерите, заедно со адвокати и надлежниот нотар во општина Кратово, со цел доближување на правдата до граѓаните и тие да бидат запознаени со нејзиното спроведување и на овој начин постојано работам и ќе продолжам да работам на подобрување на транспарентноста и информирање на јавноста за работењето на судот.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Судија,
Мирослав Георгиевски